РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 11-5415/1
05-06-2015 20 год
СКОПЈЕ 1

# УПАТСТВО
# ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ЗДРАВИ ЖИВОТНИ НАВИКИ И БЕЗБЕДНО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ ВО УСТАНОВИТЕ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТУВАЊЕНА ДЕЦА

## 1.Вовед

„Детето е градител на човекот“ – оваа мисла не упатува и ни ја потенцира огромната важност на периодот на раното детство во целокупниот развој и созревањето на младата личност во возрасен човек.

Детскиот развој се одвива според одредени развојни законитости и тоа паралелно во повеќе сфери: социјална, емоционална, когнитивна. Стимулативната околина го поттикнува детскиот развој и му овозможува на детето да стекне искуства, навики и знаења кои ќе бидат темел во сложениот процес на градење на возрасна личност. Предучилишниот и училишниот се периоди кога се развиваат карактерните црти на детето и се усвојуваат основните морални норми и вредности. Основна улога во градењето на детето покрај родителите и потесното семејство имаат предучилишните и училишните установи каде се опфаќаат овие деца. Предучилишната средина е една од најзначајните општествени формации која има значајно влијание врз формирањето на личноста на детето. Затоа од особена важност е на детето да му се понуди средина, возрасен и активности преку кои детето ќе развие здрави животни навики и ќе стекне вештини за препознавање на опасни ситуации и вештини за безбедно однесување во околината. Тоа првенствено подразбра развивање на компетенции како што самостојност во изведување на секојдневните активности поврзани со лична хигиена и нега, стекнување на вештини за препознавање на опасни ситуации како и одговорно однесување кон околината, кон врсниците и возрасните со кои секојдневно стапуваат во интеракција.

## 2. Цел на планирани активности

- Развивање на самостојност и независност кај децата во извршувањето на секојдневните активности;
- Развивање на свесност за здраво и безбедно однесување;
- Развивање способноста за вршење сукцесивни дејствија;

- Развивање на самостојност и превземње на одговорност кај децата во грижата за личната хигиена;
- Развивање на свесност кај децата за грижата за надворешната околината;
- Усвојување вештини за социјално прифатливо и пристојно однесување во интеракција со останати лица
- Зајакнување на функционална комуникација меѓу децата;
- Развивање способности за прифаќање на различностите, емоциите и потребите на другите;
- Развивање на независноста, самодовербата и одговорноста кај децата;
- Развивање на позитивни ставови кај децата во врска со престој во надворешната средина и зајакнување на нивната интеракција со околината;
- Усвојување на вештини кај малите деца за практикување на здрави животни стилови;

## 3. Целна група

- Децата од сите воспитни групи од секој објект;
- Воспитно – згрижувачки тим;
- Стручни работници ;
- Останати вработени во установата;
- Родителите.

## 4. Планирање на активностите

Активностите кои произлегуваат од ова упатство може да се поделат во неколку групи:

1. Активности кои се насочени кон поттикнување на самостојноста на децата во грижата за себе:
   - Секојдневни активности за самостојно собување/ обување;
   - Секојдневни активности за самостојно облекување/ соблекување;
   - Активности за самостојно откопчување/закопчување;
   - Активности за самостојно користење на прибор за јадење соодветен на возраста;
   - Активности за самостојно ракување со течности;
   - Активности за самостојна грижа за личната хигиена;

2. Активности кои се насочени кон поттикнување на самостојноста на децата во грижата за околината:

- Присуство и помагање на децата при сервирањето на оброкот и средување на масата;
- Активности за оддржување на хигиената на просторот;
- Активности за самостојно подготвување на просторот за попладневен одмор;
- Активности за оддржување на хигиената на дворот на градинката;
- Активности за грижа за растителниот свет во градинката и дворот;
- Активности за селектирање и складирање на отпадоците;

3. Активности кои ја поттикнуваат и јакнат самостојноста и одговорноста на децата во различни социјални ситуации и промовираат социјално прифатливо и одговорно однесување:
- Демонстрација на социјално прифатливи начини на однесување;
- Вежбање на социјално прифатливи начини на однесување преку играње улоги;
- Престој во надворешната средина;
- Организирање еднодневни екскурзии на планински и други излетнички места и посети на јавни и културни установи;
- Организирање на предавања и работилници со родителите или родителски средби за потребата од поголема самостојност на децата во извршувањето на секојдневните активности;
- Подршка и советување на родителите во насока на развој на здрави животни навики кај нивните деца и преземање на соодветни активности во семејството;
- Секојдневни едукативни активности со децата за правилно и културно однесување, преку игри, драматизации, приказни, разговори и практична примена на наученото во секојдневниот живот;
- Предочување на последиците за безбеден и сигурен живот од правилно и неправилно однесување во одредена ситуација со практични примери од секојдневното живеење;
- Прикажување на видео материјал преку кој децата ќе се едуцираат како треба да се однесуваат;

**5.Улогата на воспитувачот /негувателот**

Согласно со целите на воспитно-згрижувачката работа, улогата на воспитувачот/негувателот во градинката/центарот за ран детски развој, се состои во:

- Организирање на работата и просторот на начин што ќе им

овозможат на децата самостојно извршување на секојдневните активности;

- Демонстрација на активности на децата за правилна грижа за себе;
- Организирање на активности преку кои децата ќе ги вежбаат активностите за правилна грижа за себе;
- Вклучување на децата при сервирањето на оброкот и средување на масата и во активности насочени кон оддржување на хигиената на просторот;
- Поддршка и мотивација на децата за правилниот и одговорен однос кон растителниот и животинскиот свет;
- Организирање активности за демонстрација и вежбање на социјално прифатливо однесување;
- Почитување на детскиот избор и негово користење во насока на реализирање на конкретните цели;
- Планирање, усогласување со можностите, потребите и интересите на децата, условите во потесната и пошироката средина;
- Континуирана размена на искуствата и советување со вработените во насока на градење на здрави животни навики;
- Континуирана размена на искуствата и советување со родителите во насока на градење на здрави животни навики;

## 6.Простор

Активностите кои ќе се реализираат во рамките на ова упатство ќе се реализираат во сите простории во кои престојуваат децата во градинката, како и надвор од неа (двор, игралиште, планински и излетнички места, јавни и културни установи и домот).

## 7.Соработка со родителите

Соработката со родителите е од клучна важност за развивање на здрави животни навики на децата.

За подигнувањето на свеста на родителите за значењето од градење на здрави животни навики кај нивните деца, во различни области, во градинките/ центрите за ран детски развој потребно е организирање на советувања и континуирана едукација на родителите.

Градинките/ центрите за ран детски развој може да подготват печатени материјали на различни теми од областа на здрави животни навики.

Родителите можат да се вклучат во организирањето и реализирањето на излети во природа и посети на јавни и културни установи.

Родителите треба активностите насочени кон градење здрави животни навики да ги пренесат и во домот со цел заеднички едукативно да делуваат од најрана возраст кај децата.

## 8. Очекувани резултати

- Детето самостојно да ја одржува личната хигиена;
- Детето самостојно да ја оддржува хигиената на просторот;
- Детето самостојно го организира просторот;
- Детето самостојно учи и извршува одредени работни задачи;
- Детето има одговорен однос кон себе си, кон семејството, другарчињата, воспитувачите, работните задачи, околината;
- Детето знае да соработува, емпатично да се изразува и емоционално да се контролира;
- Детето знае конструктивно да ги решава проблемите;

МИНИСТЕР

Диме Спасов